Мирјана

Бр. 07-1540/13-2
30.11.2011
Битола

13. 12. 2011
03 1103/3

Врз основа на член 57 алинеа 9 од Законот за високото образование, во врска со доставената Информација и Барање од Министерството за образование и наука од 25.11.2011 година по Заклучоци на Влада на РМ од 15.11.2011 година, Ректорската управа на Универзитетот, на 140-та седница одржана на ден 30.11.2011 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА

1. При апликацијата до единицата за објавување на учебник или учебно помагало, авторот/авторите на текстот треба да потпишат изјава (под морална, материјална и друга одговорност) дека е тоа оригинален труд, односно дека не е плагијат.
2. За сите досега објавени универзитетски учебници и учебни помагала, целосна одговорност сносат нивните автори.
3. Се задолжува деканатската управа/управата на секоја единица во состав на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола, во рок од 7 дена да формира Комисија за проверка на постојните учебници или учебни помагала од македонски автори кои се користат на единиците на Универзитетот, а во смисла на тоа дали е застапена појавата на плагијаторство на учебниците или учебните помагала кои се користат во наставно-научниот процес на Универзитетот и одлуката за формирање и состав на Комисијата да ја достави до Универзитетот, најдоцна во рок од 3 дена од нејзиното донесување.
4. Комисијата брои 3 или 5 члена од редот на наставно-научните работници вработени во единицата, при што еден е претседател, а останатите членови. Состаноците на Комисијата ги свикува и со нив раководи претседателот, потребен кворум за работа е присуство на повеќе од половината членови и истата одлучува со мнозинство од вкупниот број членови.
5. Комисијата постапува само по поднесена аргументирана и поткрепена со матерјални докази пријава, за автор/автори кои се вработени во единицата на УКЛО. Доколку биде поднесена пријава за плагијаторство на учебници или учебни помагала кои се користат на единицата на УКЛО, но од автор/автори кои не се вработени во единицата, пријавата се препраќа во единицата на универзитетот каде е вработен авторот/авторите.
6. По разгледувањето на пријавата, за оригиналноста на трудот, Комисијата може да побара и дополнително мислење од универзитетски професори кои што се избрани во наставно-научно звање во научната област од која што е учебникот или учебното помагало.

7. Комисијата за проверка на плагијаторството на учебниците или учебните помагала, доставува извештај до деканатската управа и наставно-научниот совет на единицата на УКЛО каде е вработен авторот на учебникот или учебното помагало кое се користи на единицата.
8. Во составот на оваа Комисија не влегуваат рецензентите на учебниците или учебните помагала, деканите и продеканите, како и ректорот и проректорите на Универзитетот. Доколку биде поднесена пријава за плагијаторство на учебник или учебно помагало, во која рецензент е некој од членовите на Комисијата, тогаш истиот, за конкретната пријава се иззема и на неговото место деканатската управа назначува друг член.
9. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Подготвил и одобрил:
м-р Офелија Христовска

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА БИТОЛА

Проф. д-р Златко ЖОГЛЕВ,
Ректор